Врз основа на член 126 став 1 алинеа __ од Законот за основно образование (Сл. Весник на РМ бр. 103/2008, 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14 и 10/15) член 71 и 104 од Статутот на ЦОУ „Драга Стојановска" с. Ракотинци – Сопиште бр. 01-349/1 од 15.07.2011год. и Статутарните одлуки за изменување и дополнување на Статутот на ЦОУ „Драга Стојановска" с. Ракотинци – Сопиште бр. 01-519/1 од 01.09.2011год. и бр. 01-498/1 од 27.08.2014год. Училишниот одбор на ООУ „Драга Стојановска" с. Ракотинци – Сопиште, на седницата одржана на ден 19.05.2015год. донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ПОФАЛУВАЊЕ И НАГРАДУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ПРИ ООУ „ДРАГА СТОЈАНОВСКА" С. РАКОТИНЦИ - СОПИШТЕ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Правилникот за пофалување и наградување на учениците (во понатамошниот текст: Правилникот) ги утврдува видовите на пофалби и награди за учениците на ООУ „Драга Стојановска" с. Ракотинци – Сопиште, како и начинот на нивната примена.

## II. ПОФАЛБИ И НАГРАДИ

Член 2

Со пофалбите и наградите се стимулира развојот на позитивните особини кај учениците, се јакнее вербата во сопствените можности и се дава признание за позитивните успеси во воспитно-образовната дејност.

Член 3

Пофалби и награди се доделуваат на ученик, група ученици, ученичка секција, екипа и паралелка во текот, на крајот на учебната година, на Денот на училиштето или на Денот на словенските просветители.

Член 4

Учениците кои се истакнуваат со својата работа и поведение, кои покажале високи резултати во наставата и вонаставните активности, можат да бидат пофалувани и наградувани.

Член 5

Пофалби и награди се доделуваат и на:

- паралелка која особено се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски;
- група ученици, секција или екипа која постигнува особени резултати (прво, второ или трето место) на натпревари;
- паралелката, група или секција која постигнаува најдобри резултати во одредена активност организирана во училиштето или надвор од него (производствена, хуманитарна, едукативна, културна, спортска и други).

Член 6

Предлог за пофалби и награди дава одделенскиот наставник, предметниот наставник, одделенскиот раководител, стручниот соработник, директорот или училишната комисија, а одлука донесува Наставничкиот совет.

Член 7

Пофалбите се доделуваат усно или писмено.
(1) Усните пофалби се соопштуваат пред учениците преку разгласна станица или преку соопштение.
(2) Писмените пофалби се даваат во вид на дипломи, пофалници или признанија.

Член 8

Наградите се даваат во вид на определени вредности што одговараат на нивната педагошка намена (книги, билети за филмски, театарски, спортски и други културно-уметнички претстави, платен престој во летувалишта или зимувалишта, платено учество за екскурзии, претплата на весници и списанија, ученички прибор, часовник, некој предмет и друго).

Член 9

(1) Доделувањето на пофалбите и наградите, по правило, се врши на свечен начин пред учениците од паралелката, односно училиштето.
(2) Денот на доделувањето на пофалбите се определува во Одлуката донесена од Наставничкиот совет или на ден утврден во Годишната програма за работа на училиштето.

Член 10

(1) Пофалби и награди на учениците може да се доделуваат и за постигнати резултати на разни активности (конкурси, натпревари, изложби и сл.) организирани од други установи или организации во локалната средина или пошироко.
(2) Одлуката за пофалбите или наградите од став 1 на овој член, како и времето за нивното доделување ги определува организаторот на тие активности.

## ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА

Член 11

Од учениците на IX одделение кои го завршуваат основното училиште, се избира ученик за Првенец на генерацијата од учениците (понатаму: првенец на генерација).

Член 12

(1) Постапката за избор на првенец на генерацијата почнува да тече по објавувањето на интерниот конкурс што се истакнува на Огласната табла во училиштето во почетокот на месец мај и трае до крајот на истиот месец.
(2) Конкурсот задолжително ги содржи критеримите за избор на првенец содржани во овој правилник, потребните документи што ученикот е потребно да ги обезбеди и рокот за нивно доставување.

Член 13

Предлог на ученик-кандидат за првенец на генерација може да даде: раководител на паралелка, предметен наставник, стручен соработник или директорот.

Член 14

За првенец на генерација може самостојно да се кандидира и ученик-поединец.

Член 15

Секој предложен или кандидиран ученик е должен до Училишната комисија за пофалби и награди да поднесе пријава и соодветна документација наведена во конкурсот.

Член 16

(1) Постапката за избор на ученик-првенец на генерација ја води Комисија за пофалби и награди на училиштето.
(2) Училишната комисија за пофалби и награди ја сочинуваат три наставници кои ги именува Наставничкиот совет на училиштето за секоја учебна година посебно од редот на наставниците кои не се одделенски раководители во деветто одделение и не биле одделенски наставници на таа генерација ученици.
(3) Во работата на Училишната комисија учествуваат и двајца ученици избрани од раководството на Ученичката заедница на училиштето и кои не се кандидати за првенец.

Член 17

Комисијата за пофалби и награди ја разгледува целокупната документација на пријавените кандидати, ги применува критериумите од овој правилник, изготвува бодовна листа за секој ученик посебно, утврдува предлог на ученик за првенец на генерација и предлогот со бодовната листа го доставува до Наставничкиот совет.

Член 18

(1) Одлуката за прогласување на ученик за првенец на генерација ја донесува Наставничкиот совет.

(2) За првенец на генерација може да биде прогласен ученик кој што:

- нема изречена педагошка мерка во текот на школувањето;
- континуирано има примерно поведение;
- покажува примерен однос во училиштето и надвор од него;
- има континуиран одличен успех по сите наставни предмети;
- постигнува успеси на натпревари во име на училиштето;
- активно учествува во слободните ученички активности;
- покажува активност во работата на ученичките организации;
- има освоено награди, дипломи или други признанија на ликовни, литературни или друг вид конкурси во име на училиштето.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА ПРВЕНЕЦ

Член 20

Врз основа на приложената документација на ученикот-кандидат и увидот во педагошката евиденција, Училишната комисијата за пофалби и награди врши бодирање на кандидатите според следните критериуми:

1. Учество и освоено место на натпревари по наставни предмети

| Ниво на натпревар | Прво место | | Второ место | | Трето место | | Учество | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Поед. | Екипно | Поед. | Екипно | Поед. | Екипно | Поед. | Екипно |
| Училишен натпревар | 4 | 2 | 3 | 1,5 | 2 | 1 | 1 | 0,5 |
| Општински натпревар | 7 | 3,5 | 6 | 3 | 5 | 2,5 | 2 | 1 |
| Градски, регионален натпревар | 9 | 4,5 | 8 | 4 | 7 | 3,5 | 3 | 1,5 |
| Државен натпревар | 12 | 6 | 10 | 5 | 9 | 4,5 | 4 | 2 |
| Меѓународен натпревар | 20 | 10 | 15 | 7,5 | 13 | 6,5 | 7 | 3,5 |

2. Учество и освоено место на конкурси, изложби или ревии за ликовни творби, музички настапи, литературни творби, драмско, рецитаторско или техничко творештво

| Ниво на натпревар | Прво место | | Второ место | | Трето место | | Учество | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Поед. | Екипно | Поед. | Екипно | Поед. | Екипно | Поед. | Екипно |
| Училишен натпревар | 4 | 2 | 3 | 1,5 | 2 | 1 | 1 | 0,5 |
| Општински натпревар | 7 | 3,5 | 6 | 3 | 5 | 2,5 | 2 | 1 |
| Градски, регионален натпревар | 8 | 4 | 7 | 3,5 | 6 | 3 | 2 | 1 |
| Државен натпревар | 10 | 5 | 8 | 4 | 7 | 3,5 | 4 | 2 |
| Меѓународен натпревар | 16 | 8 | 12 | 6 | 10 | 5 | 8 | 4 |

3. Учество и освоено место на спортски натпревари

| Ниво на натпревар | Прво место | | Второ место | | Трето место | | Учество | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Поед. | Екипно | Поед. | Екипно | Поед. | Екипно | Поед. | Екипно |
| Училишен натпревар | 4 | 2 | 3 | 1,5 | 2 | 1 | 1 | 0,5 |
| Општински натпревар | 7 | 3,5 | 6 | 3 | 5 | 2,5 | 2 | 1 |
| Градски, регионален натпревар | 8 | 4 | 7 | 3,5 | 6 | 3 | 2 | 1 |
| Државен натпревар | 10 | 5 | 8 | 4 | 7 | 3,5 | 4 | 2 |
| Меѓународен натпревар | 16 | 6 | 12 | 6 | 10 | 5 | 8 | 4 |

4. За 0 неоправдани изостаноци и за 0 оправдани изостаноци во актуелното одделение се добиваат по 5 бода

5. За континуиран одличен успех по наставни предмети од I до IX одделение се добиваат 20 бода

6. За континуиран одличен успех постигнат на екстерно тестирање се добиваат 10 бода.

7. За учество во слободните ученички активности по 2 бода за секција

8. За обавување на одговорна улога во активностите на Ученичката заедница на паралелката, Ученичката заедница на училиштето, Подмладокот на Црвениот крст или друга организација на учениците, на ученикот му се доделуваат по 2 бода за секоја организација

Член 21

Во случај на еднаков број бодови Првенец е ученикот кој има поголем број бодови според редот на критериумите од 4 до 8.

Член 22

(1) На ученикот што е прогласен за првенец на генерација му се доделуваат диплома, награда и парични средства.
(2) Доделувањето на наградите за првенец се врши на свеченоста што се организира за учениците кои го завршуваат основното училиште.

Член 23

Ученикот кој не е задоволен од одлуката на Наставничкиот совет има право на приговор до Училишниот одбор.

Член 24

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето од Училишниот одбор, а ќе се применува во рок од осум дена од денот на објавувањето на огласна табла.

01 - 360/1
19.05.2015г.

Претседател на Училишен одбор

______________________________

Светлана Жајгар

Правилникот го изработи:

Гордана Димовска